ВЕСТ
# Екстра ТВ

■ ФИЛМ ■ ЕСТРАДА ■ СЕРИИ ■ РАЗГОВОРИ

ФЕВРУАРИ 9 - 15

## Документарец за "Златна бубамара" и аукција за добротворни цели

### ДЕНЕС ВО КИНОТО "ЦЕНТАР"



На аукцијата ќе бидат присутни сите наши најголеми естрадни ѕвезди. Влезот е слободен.

Денеска, во 14 часот, во киното "Центар" ќе биде промовиран документарецот "Пет години на ´Златна бубамара на популарноста´", изработен од "Прва партизанска продукција". Во него учествуваат нашите најинтересни наградени ѕвезди досега, со свои мислења и коментари за радиото и за манифестацијата. По проекцијата на документарецот, на аукција ќе биде ставена сликата "Моќта на сцената", изработена од сите добитници на златните бубамари минатата година, разубавена со стручните раце на ликовните уметници Мирјана Костојчиновска и Марија Павловска. Поканата за купување на ова оригинално уметничко дело е отворена за сите луѓе (особено за бизнисмените) кои ја сакаат естрадата и спортот и кои се подготвени да инвестираат во хуманитарни цели, каде ќе бидат наменети средствата од продажбата.

*(М.Џ.)*



*Ди-џеј Дано од Сан Франциско*

## ВО "ЕЛЕМЕНТ"

■ Вечерва во клубот ќе ве забавуваат ди-џеите од "Пи-Ем-Џи колектив": Боки, Робин Шут, Мирко Попов и Дарко. Нивната забава ќе почне на полноќ и ќе може да ја проследите со купување на билет од само 120 денари.

■ Утревечер, во ноќниот клуб "Елемент", од 24 часот, ќе има хаус-журка со ди-џеј Дано од Сан Франциско. За него се знае дека е еден од најплодните тек-хаус продуценти/ди-џеи од Сан Франциско. Тој е менаџер, а наедно и сопственик на "Ред Мелон рекордс", но и организатор на влијателните и популарните Вотер Мелоун забави во Сан Франциско. Неговите изданија ги освојуваат грамафоните на ди-џеите: Дарен Емерсон, Саша и Натхан Кол. Со него ќе настапи нашиот ди-џеј Никола, од "100% Пур/концепт фрагментс".

Организатори на вечерашнава тек-хаус журка се клубот "Елемент" и "100% Пур/концепт франгмент".

Билетите можат да се купат на касата на клубот "Елемент" по цена од 300 денари. (В. П.)

■ По 11 години европска интеграција, модерна технологија и мрежно озборување, "Литиум рекордс" реши на старите патеки повторно да ја врати познатата винилка. Значи, од денес во продажба е тродуплиот албум на плоча на групата "САФ". На винилите се наоѓаат песните од албумот "Сафизам" во оригинална и во инструментална верзија. По овој повод, задутре вечер, во "Елемент" ќе се прави журка на која ќе настапат Гоце Трпков, Димитри од Чаир и гостинот ди-џеј-Фу од Словенија. Забавата почнува во 22 часот, а со плочите кои се во ограничен тираж ќе може да се снабдите во

## Голем концерт на "Суперхикс" во јуни

Во музичките кругови се зборува дека атракцијата "Суперхикс" за неколку месеци, поточно на 2 јуни, ќе одржи голем концерт, а се шпекулира дека гостин на концертот ќе биде Ману Чао (екс Манон Негра). Од "Литиум рекордс" не го демантираат зборувањето и велат дека наскоро ќе соопштат подетални информации. А според информацијата од одредени радиостаници во државава, освен на францускoто и германското МТВ, спотот на "Суперхикс" се емитувал и на израелската филијала на Ем-Ти-Ви, а Ем-Ти-Ви го гледаат повеќе градови кај нас, како: Штип, Струмица, Гевгелија... "Суперхикс", пак, својот нов спот "Оптимистка" го сними за потребите на претставата "Чернодрински се враќа дома", која наскоро треба да ја доживее својата премиера. Режисер на спотот е Блашко, авторот на "Глупави песни", камерата е на Пако, а во спотот учествуваат дипломците на Факултетот за драмски уметности. (В.М.)

## Во продажба деби-албумот на Маја Маус

Деновиве во продажба се појави деби-албумот на Маја Маус, во издание на "Литиум рекордс". Ова нејзино остварување претставува едно од првите маинстеам остварувања, а во исто време и едно од ретките од овој музички жанр издадени за домашна издавачка куќа. Маја е комплетен автор на музиката, аранжманите и на севкупниот процес на снимање на музиката. Таа со својата музика е присутна на Интернет одамна, а учествува и во ремикс-натпреварот на Мадона со темата "Реј оф лајт". Продукцијата е на Горан Трајковски, дизајнот на отец Методиј Златанов, извршен продуцент е Јанко Илковски. Албумот се продава во продавницата "Југотон" во ГТЦ, како и низ неколку главни центри низ државава. Со секое купено ЦД се добиваат гратис часови на Интернет, подарок од Он нет.



## Викенд

МТВ 1

*ДИЈАМАНТИ* - драма: Боксерскиот шампион Хери Агенски, полскиот "Принц", сега е остарен вдовец кој прележал срцев удар. Во домот за старци зема часови по говор. Тој ги убедува синот Ленс и внукот Мајкл да го одведат во Рено за да ги побара дијамантите... Режија: Џон Мелори Ашер; улоги: Кирк Даглас, Ден Ејкројд, Лорин Бекол.

## Понеделник

Телма

*РОМПЕР СТОМПЕР* - Жесток, контраверзен филм на австралискиот режисер Џефри Рајт за бандите во Мелбурн со фокусот врз локалната наци-група која е во војна со соседите - Азијати... Улоги: Расел Кроу, Дениел Полок, Алекс Скот.

## Вторник

МТВ 1

*СВИНИ 1* - крими акција: Дејството на овој филм се одвива во канцелариите на британски министри кои се во тесни врски со петролејските магнати од Блискиот Исток, но имаат афинитети и кон млади кол герли... Режија: Дејвид Викс; улоги: Џон То, Денис Вотерман, Бери Фостер.

## Среда

А1 Телевизија

*БРИГАДИТЕ НА ТИГАРОТ* - сериски филм: Медиумите се повеќе навлегуваат во животот на политичарите и во тајните заткулисни политички интриги. Користејќи го тоа, новинарите преку откривање на сплетки и скандали само сакаат да се здобијат со слава, а не да зборуваат за вистината...

## Четврток

МТВ 2

*РАМНОДНЕВИЦА* - Близнаците се разделени уште од најрана младост и растат во различни средини. Едниот се замешува со мафијата, а вториот работи во една механичарска работилница. Еден ден браќата ќе се најдат на улица и нивниот судир ќе биде смртоносен... Режија: Алан Рандолф; улоги: Метју Модеин, Тајра Фарел, Лара Флин Бојл.

## Петок

Телма

*ТЕРМИНАТОР 2* - Со второто продолжение за "нежниот" киборг, режисерот Џејмс Камерон направи вистински бум во кино салите во 1992 година, а во иста мера се прослави и Арнолд Шварценегер... Улоги: Линда Хамилтон, Едвард Фарлонг и Роберт Патрик.

ТЕЛМА